Врз основа на член 58 став (1) точка (3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 мај 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА И ПОСЕБЕН РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 72/20, 74/20, 76/20, 78/20, 89/20, 92/20, 100/20, 105/20, 107/20, 111/20, 119/20, 125/20 и 130/20), во членот 1, по точката 3. се додава нова точка 4. која гласи:

„4. За периодот од 11:00 часот на 24 мај 2020 година (недела), до 5:00 часот на 26 мај 2020 година (вторник), се забранува движење на населението и возилата од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија.".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-2416/14**
**22 мај 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**